РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-774/8
10.03.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 9. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 2.3.2026 година

**Членови на Советот на Агенцијата присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Сашо Стефановски, м-р Зирјета Јајага, м-р Гордана Мајнова, Афрона Врзиволи, Цветанка Миновска и Виктор Павловски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** Петар Џуровски (годишен одмор).

На седницата преку видеоконференциска врска беше присутен и директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, д-р Зоран Трајчевски.

**Вработени од Стручната служба присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, Горан Радуновиќ, д-р Ивана Стојановска, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска-Јотевска, Сергеј Тодоровски.

**Други присутни: /**

Претседателот на Советот, м-р Сашо Стефановски, ја отвори 9. седница на Советот. Седницата започна во 15:40 часот и се одржа преку видеоконференциска врска.

Во однос на предложениот дневен ред, претседателот Стефановски, појасни дека Точката бр. 5 – „Предлог-одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД Прва Скопска ТВ ДООЕЛ Скопје (ТВ МТМ Скопје)“ – се преименува во „Предлог за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД Прва Скопска ТВ ДООЕЛ Скопје (ТВ МТМ Скопје)“, имајќи предвид дека радиодифузерот во меѓувреме ги исполнил законски пропишаните обврски.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот коригиран:

### ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување Предлог-записник од 8. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 26.2.2026 година.
2. Предлог за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување на РТД Радио 99 ДООЕЛ Скопје.
3. Предлог за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРДД ТВ-ЕДО ДООЕЛ с.Љубин, Сарај.

4. Предлог-решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Друштвото со ограничена одговорност за радио-дифузија Митаноски Веле СУПЕР РАДИО Охрид ДООЕЛ.
5. Предлог за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД Прва Скопска ТВ ДООЕЛ Скопје (ТВ МТМ Скопје).
6. Предлог за давање одобрување за дополнување на Годишниот план за јавни набавки во 2026 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-5639/1 од 26.12.2025 година.
7. Предлог за давање одобрување за спроведување постапка за јавна набавка-услуга: авио билети.
8. Разно.

**Точка 1**

Советот го разгледа предложениот Записник од 8. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 26.2.2026 година и едногласно го усвои со текст како што беше предложен.

**Точки 2, 3 и 5**

Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, информираше дека по однос на Точките 2, 3 и 5, ќе даде заедничко образложение, со оглед дека станува збор за иста повреда на одредба од законот, по што Советот ќе се пристапи кон нивно поединечно изјаснување и гласање по секоја точка. Тој појасни дека трите радиодифузери - РТД Радио 99 ДООЕЛ Скопје, ТРДД ТВ-ЕДО ДООЕЛ с. Љубин, Сарај и ТРД Прва Скопска ТВ ДООЕЛ Скопје - во законски утврдениот дополнителен рок од 15 дена го платиле годишниот надоместок за телевизиско, односно радио емитување. Со оглед на тоа, се предлага Советот да донесе решенија за запирање на покренатите постапки.

*Гласање по Точка 2*

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување на РТД Радио 99 ДООЕЛ Скопје, УП1 бр.0802-37 од 7.2.2024 година.

Согласно Известувањето за извршена уплата бр.05-636/2 од 24.2.2026г., радиодифузерот го платил годишниот надоместок во целост, согласно ф-ра бр.2026-100-0026 од 12.1.2026 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот се задолжува Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*Гласање по Точка 3*

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРДД ТВ-ЕДО ДООЕЛ с.Љубин, Сарај, УП1 бр.08-14 од 7.9.2023 година.

Согласно Известувањето за извршена уплата бр.05-697/2 од 26.2.2026г., радиодифузерот го платил годишниот надоместок во целост, согласно ф-ра бр.2026-100-0008 од 12.1.2026 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот се задолжува Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*Гласање по Точка 5*

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво Прва Скопска Телевизија ДООЕЛ Скопје, Уп1 бр.08-16 од 7.9.2023 година.

Согласно Известувањето за извршена уплата бр.05-634/2 од 2.3.2026г., радиодифузерот го платил годишниот надоместок во целост, согласно ф-ра бр.2026-100-0010 од 12.1.2026 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот се задолжува Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 4**

Директорот Трајчевски го образложи Предлог-решението за бришење од Регистарот на радиодифузери на Друштвото со ограничена одговорност за радиодифузија Митаноски Веле СУПЕР РАДИО Охрид ДООЕЛ, појаснувајќи дека радиодифузерот доброволно ја вратил дозволата за радио емитување. Согласно законот, со оглед дека повеќе не поседува важечка дозвола, потребно е да биде избришан од Регистарот на радиодифузери, со што постапката се смета за завршена.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за бришење од регистарот на радиодифузери.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот се задолжува Решението да го објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 6**

Директорот Трајчевски го образложи Предлогот за давање одобрување за дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2026 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, бр.05-5639/1 од 26.12.2025 година. Тој појасни дека во текот на 2025 година јавната набавка за одржување и сервисирање на

системот за ладење, греење и вентилација била распишана три пати, но во сите три случаи постапката завршила како неуспешна, поради тоа што ниту еден економски оператор не поднел понуда за учество. Со оглед на тоа што Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Министерството за спорт имаат потреба од наведената услуга, која е неопходна за непречено одвивање на секојдневниот работен процес, се предлага дополнување на Планот за јавни набавки за 2026 година, со цел постапката да може да се спроведе во текот на оваа година.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за дополнување на Годишниот план за јавни набавки во 2026 година, бр.05-5639/1 од 26.12.2025 година, со текст како што беше предложен.

Годишниот план за јавни набавки во 2026 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-5639/1 од 26.12.2025 година, се дополнува со набавката-услуга: одржување и сервисирање на системот за ладење, греење и вентилација

Со предложеното дополнување, потребните средства за реализација на набавката се обезбедени, односно ќе бидат дообезбедени на следниот начин:

- 760.000,00 денари, во Финансискиот план за 2026 година, и
- 760.000,00 денари, во Финансискиот план за 2027 година.

Постојниот Годишен план за јавни набавки во 2026 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, бр.05-5639/1 од 26.12.2025 година, се дополнува на следниот начин:

- *Главата II.* Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на стоки, се дополнува со следната јавна набавка: Одржување и сервисирање на системот за ладење, греење и вентилација, како точка бр.43, и тоа:

| р. | Предмет на договорот за јавна набавка/ рамковната спогодба | Вид на договор за јавна набавка | Вид на постапката | Очекуван почеток на постапката (месец) | Проценета вредност на набавка/рамков на спогодба без ДДВ (денари) |
|---|---|---|---|---|---|
| I. | **Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги** | | | | |
| 3. | **Одржување и сервисирање на системот за ладење, греење и вентилација** | услуга | поедноставена отворена постапка | по потреба | 1.520.000,00 |

Со додавањето на наведената набавка ќе се изврши соодветно редоследно усогласување на набавката содржана во главата III. на Годишниот план за јавни набавки во 2026 година, бр.05-5639/1 од 26.12.2025 година.

Секторот за правни работи и јавни набавки се задолжува да изработи пречистен текст на Годишниот план за јавни набавки на Агенцијата.

Точка 7

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки, Цветанка Митревска, го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување постапка за јавна набавка – услуга: авио билети. Таа појасни дека предлогот е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2026 година на Агенцијата, а средствата за реализација на набавката се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за 2026 година. Набавката се спроведува за потребите на службените патувања во текот на работниот процес и нивна навремена реализација. Согласно проценетата вредност, постапката ќе се спроведе како поедноставена отворена постапка. Таа ќе започне со објава на Електронскиот систем за јавни набавки, како и со објавување оглас во „Службен весник на РСМ“, при што ќе бидат почитувани сите одредби од Законот за јавни набавки. Подеталните информации се содржани во материјалите доставени по оваа точка.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување на директорот на Агенцијата, за спроведување постапка за јавна набавка-услуга: авио билети.

Спроведувањето на постапката е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2026 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, бр.05-56391/1 од 26.12.2025 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2026 година.

**Точка 8**

**Разно**

Немаше дискусија под „Разно“.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни**
**медиумски услуги**
**претседател на Советот,**

**м-р Сашо Стефановски**